Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

03-490/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted], [redacted] бр. 03-490/1 од 15.05.2024 година.

## Образложение

На 15.05.2024 година, [redacted]", [redacted] до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-490/1 од 15.05.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

1. **Број на поднесени барања за заштита (од одмазда) на укажувачот за временски период од стапување во сила на законот за заштита на укажувачите до денес?**
2. **Број на одобрени барања за заштита (од одмазда) на укажувачот и резултатите од секој случај за временски период од стапување во сила на законот за заштита на укажувачите до денес ? ( на пр.враќање на работа, заштита од отказ или други дејствија)**
3. **Број на одбиени барања за заштита на укажувачот (од одмазда) и причината за секое одбивање за временски период од стапување во сила законот за заштита на укажувачите до денес?**
4. **Должината на временскиот период потребен за носење на секоја одлука (прифатени барања / одбиени барања за заштита на укажувачи) ?**
5. **Прекршување на законот за укажувачи и изречени казни или санкции за временски период од стапување во сила законот за заштита на укажувачите до денес? (Прекршочни одредби од Законот за заштита на Укажувачи од член 16 до 23 кои конкретно ја опфаќаат вашата институција и за кои што сте во можност да споделите информации )**

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса ( [redacted] ) и фотокопија по пошта .

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка во списите на Инспекцискиот совет, Ве известуваме:

- Број на поднесени барања за заштита (од одмазда) на укажувачот за временски период од стапување во сила на законот за заштита на укажувачите до денес – **0 (ниту едно)**

- Број на одобрени барања за заштита (од одмазда) на укажувачот и резултатите од секој случај за временски период од стапување во сила на законот за заштита на укажувачите до денес (на пр.враќање на работа, заштита од отказ или други дејствија) - **0 (ниту едно)**

- Број на одбиени барања за заштита на укажувачот (од одмазда) и причината за секое одбивање за временски период од стапување во сила законот за заштита на укажувачите до денес - **0 (ниту едно)**

- Должина на временскиот период потребен за носење на секоја одлука (прифатени барања/одбиени барања за заштита на укажувачи) - /

- Прекршување на законот за укажувачи и изречени казни или санкции за временски период од стапување во сила законот за заштита на укажувачите до денес? (Прекршочни одредби од Законот за заштита на Укажувачи од член 16 до 23 кои конкретно ја опфаќаат вашата институција и за кои што сте во можност да споделите информации ) - **0 (ниту едно).**

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор